ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 10.04.2013

# СООПШТЕНИЕ

## Одржана средба на директорот на ФЗОМ со висока делегација од Комисијата за здравство на чешкиот парламент

Во ФЗОМ се реализираше работна средба на директорот на ФЗОМ г. Џемали Мехази со висока делегација од Комисијата за здравство на чешкиот парламент предводена од проф. д-р Алеш Розточил.



На средбата беше разговарано за здравствените реформи што се одвиваат во Р.Македонија, се направи споредба на македонскиот и на чешкиот систем на здравствена заштита, начинот на финансирање, стапката на задолжително здравствено осигурување при што се заклучи дека во основа здравствените реформи се движат во слична насока. Во однос на улогата на фондовите за здравствено осигурување, беше спомената разлика дека во Република Македонија Македонија има еден Фонд за здравствено осигурување, додека во Чешка Република има 8 фондови за здравствено осигурување.



Беше истакнат позитивниот развоен тренд на македонско-чешките односи на поле на здравството и од страна на чешката делегација беше искажана отворена поддршка за интензивирање на досегашната соработка.

Со почит,
ФЗОМ